**Известување за концентрација со која СВАП Холдингс доо Белград, ќе стекна контрола врз УМБРЕЛЛА ЦОРПОРАТИОН ЛТД. ДОО БЕЛГРАД (предмет бр. 08-70/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 08.04.2026 година, дополнето на 14.04.2026 година, 30.04.2026 година и на 29.05.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која СВАП Холдингс доо Белград (Врачар), со седиште на ул. Војислава Илиќа бр. 8, 4 кат, стан бр. 12, Белград (Врачар), Србија, има намера да стекне единствената контрола над УМБРЕЛЛА ЦОРПОРАТИОН ЛТД. ДОО БЕЛГРАД (САВСКИ ВЕНАЦ) Цара Ираклија број 20, Белград, Србија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

СВАП Холдингс доо Белград е трговско друштво кое во моментов не врши никаква деловна активност, основано на 29 декември 2025 година.

СВАП Холдингс доо Белград нема поврзани друштва, претставништва или подружници, ниту остварува приход во Северна Македонија.

СВАП Холдингс доо Белград (Врачар) има намера да стекне 100% удел во трговското друштво УМБРЕЛЛА ЦОРПОРАТИОН ЛТД. ДОО БЕЛГРАД (САВСКИ ВЕНАЦ)и на тој начин да стекне исклучива контрола над групата трговски друштва („Умбрелла Група“) која ја сочинуваат:

1. УМБРЕЛЛА ЦОРПОРАТИОН ЛТД. ДОО БЕЛГРАД,
2. АМБРЕЛА КОРПОРАЦИЈА ДОО Скопје, трговско друштво кое е основано и работи согласно прописите на Република Северна Македонија, со регистрирано седиште на адреса ул. 50-та дивизија бр. 24, Скопје, ЕМБС: 6853455, со регистрирана дејност: 47.120 – Друга неспецијализирана трговија на мало .
3. УМБРЕЛЛА ЦОРПОРАТИОН БХ ДОО, трговско друштво кое е основано и работи согласно прописите на Босна и Херцеговина, со регистрирано седиште на адреса Стефана Немање бр. 17, Лукавица, Источно Ново Сараево, Република Српска, Босна и Херцеговина, ЕМБ: 4405086860001, и

   УМБРЕЛЛА ЦОРПОРАТИОН ЦГ ДОО Подгорица, трговско друштво кое е основано и работи согласно прописите на Црна Гора, со регистрирано седиште на адреса Канцеларија на сметководствената агенција „Перфецтум“ (*Perfectum*), Бранка Делетиќа бб, ламела Н, Подгорица, Црна Гора, регистарски број: 51028959, ДИБ/матичен број: 03431134 .

Умбрелла Група се занимава со увоз, извоз, малопродажба и големопродажба на запалки, наргилиња и алтернативни тутунски производи, односно производи од новата генерација: еднократни и повеќекратни електронски цигари, течности за полнење на електронски цигари, ароми за наргиле и никотински вреќички, на територијата на Република Србија, Босна и Херцеговина и Република Северна Македонија, како и со производство, односно доработка на течности за полнење на електронски цигари на територијата на Република Србија.

Според подносителот на известувањето предметната концентрација се однесува на пазар на производи од нова генерација (ПНГ), под кои се подразбираат алтернативни производи во однос на традиционалните тутунски производи, кои вклучуваат: (1) електронски цигари (еднократни и повеќекратни/уреди); (2) загреани тутунски производи (*Heated Tobacco Products – HTP*); (3) сродни производи во смисла на Закон за тутун, производи од тутун и сродни производи (производи кои се поврзани со производите од тутун, со електронските цигари, контејнерите за многукратно полнење, течностите што содржат никотин и производите слични на производите од тутун, а кои се изработени од растителни (билни) материјали).

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

02.06.2026 година

Скопје